**ЗАКЛУЧОЦИ**
**усвоени на**
**вториот состанок**
**на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**
**одржан на 13.03.2013**

**Ел Масри v. РМ**

1. Основниот суд Скопје II Скопје преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП во која фаза се наоѓа предметот П.бр. 412/09 по тужба заведена од страна на апликантот пртоив РМ-МВР за надомест на нематеријална штета и доколку предметот е завршен да се достви копија од соодветната судска одлука.

***Наумовски v. РМ***

1. Основниот суд во Скопје II Скопје во рок од 15 дена преку Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за тоа дали г-динот Наумоски поднел барање за повторување на домашната постапка (П.бр.893/01 заведен под нов број Ро.бр 210/08) согласно член 400 од ЗПП, а во врска со пресудата на ЕСЧП во случајот Наумоски против РМ од 27 ноември 2012 година и за евентуалниот тек и исход од постапката по таквото барање, како и да достави приложено фотокопија од соодветните судски списи.

2. Имајќи предвид дека од страна на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП во врска со оваа пресуда беше доставена ревизија, се препорачува Врховниот суд на РМ, во рок од 3 месец по известувањето за правосилноста на пресудата на ЕСЧП во предетот Наумовски v. РМ, да усвои заклучок во врска со примената на одредбите од членот 248 од Законот за принична постапка – пречистен текст од 2011, а во светло на ставовите на ЕСЧП во пресудата во предметот Наумоски против РМ од 27 ноември 2012, со цел превенирање на идни слични или исти повреди на ЕКЧП и истиот во нареден рок од 1 месец да го достави до претседателите на сите надлежни основни и апелациони судови кои постапуваат по одредбите од ЗПП.

3. АСЈО во период кој самата ќе го определи да организира една обука за начелото на контрадиктороност на постапката во контекст на членот 6 на ЕКЧП, имајќи ја предвид и пресудата на ЕСЧП во случајот Наумовски v. РМ. Во врска со датумот на одржување на обуката да ја извести Меѓуресорската комисија преку Минситерствот за правда – Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП.

4. Извршувањето на пресудата во делот на прекумерната должина на постапката ќе се разгледува со групата предмети со идентична повреда на Конвенцијата на некоја од наредните седници на Меѓуреосрската комисија.

**Бајалџиев v. РМ**

1. Основниот суд во Гевгелија во рок од 15 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за текот и евентуалниот исход на постапката по предлог за повторување на постапката по предметот П.бр.150/96 поднесен согласно членот 400 од ЗПП од страна на г-дин Бајалџиев.

2. Врховниот суд на РМ, да извести за активностите во однос на разрешување на проблемот со големиот број на барања за изземање, со цел да се проценат евентуалните ефекти од таквите активности и во тој контекст преземените мерки по однос на извршувањето на пресудата Бајалџиев v. РМ.

3. Врховниот суд на РМ, да изврши корекција во датумот, односно годината на доставениот начелен став до Бирото за застапување на РМ, и корегираниот начелен став повторно да го достави до преку Министерствто за правда – Биро за застапување на РМ пред ЕСЧп до Комисијата со цел негово проследување до Комитетот на министри.

**Сашо Горгиев v. РМ**

1. Бирото за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП да достави ургенција до Основниот суд Скопје II Скопје со барање за постапување во рок од 10 дена по заклучокот од првата седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за доставување на известување преку Министертсво за правда - Биро за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП до Меѓуресорската комисија за тоа дали г-динот Сашо Ѓоргиев, согласно член 400 од ЗПП, поднел предлог за повторување на постапка П.бр.2934/02 која се водела пред Основниот суд Скопје I Скопје, а во врска со пресудата на ЕСЧП во случајот Сашо Горгиев против Република Македонија, и за евентуалниот тек и исход од постапката од таквиот предлог, како и да достави приложено фотокопија од соодветните судски одлуки во врска со таквиот предлог.

2. МВР во рок од 30 дена да достави преку Министертсво за правда - Биро за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП до Меѓуресорската комисија обработени во врска со законските и подзаконските акти а кои се на линија на превенција на исти или слични настани, како во пресудата на ЕСЧП во предметот Сашо Горгиев v. РМ

3. МВР во рок од 30 дена преку Министертсво за правда - Биро за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП до Меѓуресорската комисија да достави известување за организирани обуки за ракување со огнено оружје, психофизичка подготвеност и сл. во последните 3 години.

4. МВР во рок од 30 дена преку Министертсво за правда - Биро за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП до Меѓуресорската комисија да достави фотокопии од правосилни пресуди во кој како тужена страна се задолжени да платат оштета за нанесени повреди од страна на овластени службени лица за периодот 2006-2012.

5. Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од 15 дена да обезбеди информации за моменталната состојба на апликантот.

6. АСЈО во рок од 15 дена преку Министертсво за правда - Биро за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП до Меѓуресорската комисија да достави информација за точните датуми на закажаните обуки согласно соодветниот заклучок од првата седница на Меѓуресорската комисија.

**<u>Ѓорги Ѓоргиев v. РМ</u>**

1. Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од 15 дена да обезбеди информации за моменталната состојба на апликантот.

2. АСЈО во рок од 15 дена преку Министертсво за правда - Биро за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП до Меѓуресорската комисија да достави информација за точните датуми на закажаните обуки согласно соодветниот заклучок од првата седница на Меѓуресорската комисија.

3. Управата за извршување на санкции во рок од 15 дена преку Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП во врска со статистичките податоци за утврдена дисциплинка одговорност во случај на исти или слични околности како во предметниот случај.

4. Се препорачува Министерството за правда, во соработка со Јавното обвинителство на РМ во рок од 2 месеци да ја разгледа можноста за зајакнување на законската рамка во контекст на подобро превенирање на ситуации во случај на неактивност на обвинителот.

**<u>Василковски и др. v. РМ</u>**

1. Се препорачува Врховниот суд на РМ во рок од 2 месеци да одржи средба со претседателите на надлежните основни и апелационите судови во државата на кој ќе биде разгледана пресудата на ЕСЧП во предметот Василковски и др. v. РМ и усвоени соодветни заклучоци кои ќе ги рефлектираат ставовите на ЕСЧП од спомената пресуда во однос на постапувањето и начинот на одлучување на домашните судови при изрекувањето и продолжувањето на мерката притвор.

2. АСЈО во рок од 15 дена преку Министертсво за правда - Биро за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП до Меѓуресорската комисија да достави информација за точните датуми на закажаните

обуки согласно соодветниот заклучок од првата седница на Меѓуресорската комисија.

**Огражден и др. v. РМ**

1. Основниот суд Струмица во рок од 15 дена преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја известат Меѓуресорската комисија за за тоа предметот И.бр. 3247/99 а во кој Огражден се јавува како доверител е завршен, односно за евентуалниот тек на постапката по барањето за извршување, како и да достават приложено фотокопија од соодветните судски списи, откако судските списи ќе бидат вратени од страна на Судскиот совет.

**Трампевски v. РМ**

1. Основниот суд во Битола преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за текот и исходот од постапката по предметот К.бр. 557/05, по уважениот предлог за повторување на постапката, како и да достави приложено фотокопија од соодветната судска одлука.

2. АСЈО во рок од 15 дена преку Министертсво за правда - Биро за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП до Меѓуресорската комисија да достави информација за точните датуми на закажаните обуки согласно соодветниот заклучок од првата седница на Меѓуресорската комисија.

**Бочварска v. РМ**

1. За следниот состанок на Комисијата, членовите на Меѓуресосрската комисја да достават конкретни предлози на мерки за извршување на пресудата Бочварска v. РМ, со цел нивно разгледување и евентуално усвојување од страна на Комисијата.

**Радко и Паунковски v. РМ**

1. Се препорачува Управниот суд на РМ преку Министерството за правда - Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП до Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, а во контекст на следење на процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП во случајот Радко и Пауновски v. РМ, да достави информација за исходот од поведениот управен спор од страна на Здружението РАДКО против второстепената одлука на Централниот регистар на РМ за одбивање на уписот во ЦР на РМ, како и да достави приложено фотокопија од соодветната судска одлука.

В.Д. Директор на Бирото за
застапување на РМ пред ЕСЧП – Владин агент
м-р Костадин Богданов

Министер за правда,
Blerim Bexheti